# Службен гласник
## на Општина Валандово

| Број 5 | 05.06.2023, понеделник |
|---|---|

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

**Совет на Општина Валандово:**

**1. Решение** за објавување на Решение за избирање Командир на Полициска станица од општа надлежност Валандово...........................................................................3
**2. Решение** за избирање Командир на Полициска станица од општа надлежност Валандово........................................3
**3.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово...................…………………………………….3
**4.Одлука** за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово …………………..3
**5.Решение** за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година ………………………..3
**6.Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година ……………………………………………………………4
**7.Решение** за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Туризмот – иднината на регионот“……..........................……………………………4
**8.Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Туризмот – иднината на регионот“......................................................4
**9.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален Сервис“ Валандово……........................……………………………..5
**10.Одлука** за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален Сервис” Валандово ……................................5
**11.Решение** за објавување на Одлуката за утврдување на надоместокот на штета предизвикана од каснување од бездомни животни …………………………………………..5
**12.Одлука** за утврдување на надоместокот на штета предизвикана од каснување од бездомни животни…........5
**13.Решение** за објавување на Одлуката за усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во административните простории на Општина Валандово …………………………………........6
**14.Одлука** за усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во административните простории на Општина Валандово...6
**15.Решение** за објавување на Одлука за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во административните простории на Општина Валандово........................……………………..7
**16.Одлука** за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во административните простории на Општина Валандово..........................................................................7
**17.Решение** за објавување на Одлуката за извршување на техничка исправка на генерален урбанистички план на град Валандово ………………………………………………..7
**18.Одлука** за извршување на техничка исправка на генерален урбанистички план на град Валандово ………7
**19.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населеното место Удово ……………………………………………………………7
**20.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населеното место Удово …………………8

**21.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис” Валандово за населено место Удово....................................................................................8
**22.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис” Валандово за населено место Удово................................8
**23.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис” Валандово за населено место Удово.....................................................................................8
**24.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис” Валандово за населено место Удово.....................................................................................9
**25.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2024 година.....................9
**26.Заклучок** за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2024 година..........................................................................9
**27.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2024 година.9
**28.Заклучок** за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2024 година.................................................9
**29.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на годишниот план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2024 година.........................10
**30.Заклучок** за давање согласност на годишниот план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2024 година.................................................................................10
**31.Решение** за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година……………………10
**32.Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година…………………………………………………………..10

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за избирање Командир на Полициска станица од општа надлежност Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за избирање Командир на Полициска станица од општа надлежност Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/17 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 24 од Законот за полиција („Службен весник на РМ“ бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“ 294/21 и 89/22), член 36 став 1 точка 12 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 34 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избирање Командир на Полициска станица од општа надлежност Валандово**

1. За Командир на Полициска станица од општа надлежност Валандово, **СЕ ИЗБИРА** КИРЧО ТАСЕВ – т.Љубе, државјанин на Република Северна Македонија, македонец, роден во Валандово на 03.08.1977 година, со живеалиште во Валандово с.Удово, ул.„Братство единство” бр.5, со завршено високо образование - Факултет за безбедност и 25 години и 8 месеци работно искуство во Полиција.

2. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-50/17 Совет на Општина Валандово
31.05.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/2 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од Буџетот на Општина Валандово на на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово, се одобруваат средства во износ од 270.000,00 денари, како финансиска помош за реновирање на простории во домот на културата.

**Член 2**

Одобрените средства од точка 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма К4 културни манифестации и творештво, ставка 464 - други трансфери, на Буџетска сметка на самофинансирачки активности на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово 708010922978713 програма К2, приходно конто 725039.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-50/2 Совет на Општина Валандово
31.05.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-603/3 | Градоначалник |
| 01.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 4 и член 99 од Статутот на Општината Валандово, Советот на Општината Валандово на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, бр.08-127/3 од 26.12.2022 година („Службен гласник на Општина Валандово" бр.12/22 и 1/23), се вршат следните измени и дополнувања:

- Член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи:

"Коефициентот за утврдување на плата за избрани и именувани лица Градоначалник се определува според бројот на жители и за Општина Валандово изнесува 2.90 а вредноста на коефициентот на плата на избрани и именувани лица во РСМ е просечна плата по вработен во Република Северна Македонија, според официјалните податоци објавени од страна на Државен завод за статистика".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" а ќе се применува од 23.03.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-50/3 | Совет на Општина Валандово |
| 31.05.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Туризмот – иднината на регионот"**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за сопствено учество во реализација на проектот „Туризмот – иднината на регионот", што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-603/4 | Градоначалник |
| 01.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
**за измена и дополнување на Одлуката за сопствено учество во реализација на Проектот „Туризмот – иднината на регионот"**

**Член 1**

Во Одлуката за сопственото учество во заедничкиот Проектот: „Туризмот – иднината на регионот" бр.08/51/3 од 30.05.2022 година (Службен гласник бр.5/22) што Советот на Општина Валандово ја донесе на единаесеттата редовна седница одржана на 30.05.2022 година, се врши следната измена и дополнување:

Член 2 се менува и гласи:

"Вредноста на Проектот со кој Општина Валандово учествува во заедничкиот Проект од член 1 на оваа Одлука изнесува 5.248.522,00 денари со пресметан ДДВ.

За реализација на Проектот, Општина Валандово, како партнер ќе учествува со сопствени средства, во износ од 839.764,00 денари со пресметан ДДВ, односно 16,00 % од вкупната вредност.

Останатите средства во износ од 4.408.758,00 денари со пресметан ДДВ, односно 84,00 % од вкупната вредност ќе ги обезбеди Југоисточниот плански регион, преку Бирото за регионален развој."

Останатиот дел од Одлуката останува непроменет.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-50/4 Совет на Општина Валандово
31.05.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален Сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален Сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/8 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од Буџетот на Општина Валандово на Јавното претпријатије „Комунален сервис“ Валандово му се одобруваат средства во износ од 1.000.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Валандово програма АО – Совет на Општина, ставка 464 – други трансфери, на сметката на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се трансферират етапно, со тоа што 50 % од износот предвиден во член 1 на оваа Одлука ќе се намени за подмирување на наталожените трошоците за електрична енергија, а останатиот износ ќе се намени согласно приоритетните потреби на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-50/8 Совет на Општина Валандово
31.05.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на надоместокот на штета предизвикана од каснување од бездомни животни**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на надоместокот на штета предизвикана од каснување од бездомни животни, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/9 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на надоместокот на штета предизвикана од каснување од бездомни животни**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува надоместок на материјалната и нематеријалната штета (во понатамошниот текст: штета) што го исплаќа Општина Валандово на граѓани предизвикана од каснување на бездомни кучиња, случена на јавна површина на подрачјето на општина Валандово

Под јавни површини од став 1 на овој член се сметаат површините утврдени со член 2 од Одлуката за комунален ред во Општина Валандово („Службен гласник бр.11/2019).

Под каснување од бездомни кучиња се подразбира угриз и нанесени гребаници врз телото на оштетените граѓани.

**Член 2**

Висината на надоместокот од член 1 став 1 на оваа Одлука не може да биде повисока од 100.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Општина Валандово.

**Член 3**

Начинот и постапката за утврдување и исплата на надоместокот на штета на граѓани предизвикана од каснување од бездомни кучиња на јавните површини во Општина Валандово поблиску ќе се уреди со Правилник.

Правилникот од став 1 на овој член ќе го донесе Градоначалникот на Општина Валандово во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на оваа Одлука.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Валандово со Решение формира Комисија за постапување по барања за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња на граѓани на јавните површини на подрачјето на Општина Валандово (во натамошен текст: Комисија), сочинета од претставници на ЕЛС и лекари.

**Член 5**

Врз основа на предлог на Комисијата од член 4 на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Валандово, со подносителот на барањето за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња, ќе склучи спогодба за исплата на соодветен спроведлив износ.

За барањата за надоместок на штета предизвикана од каснување од бездомни кучиња поднесени до Општина Валандово преку адвокат, Општина Валандово не исплаќа средства за адвокатски трошоци на барателот направени со поднесеното барање.

**Член 6**

Организациската поддршка на Комисијата од член 4 на оваа Одлука ќе биде обезбедена од администрацијата на Општина Валандово.

Висината на надоместокот на членовите на Комисијата се определува со правилникот од член 3 став 1 на оваа Одлука.

Средствата од став 2 на овој член ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Валандово.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Валандово.

| | |
|---|---|
| Бр.08-50/9 | Совет на Општина Валандово |
| 31.05.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во административните простории на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во административните простории на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-603/10 | Градоначалник |
| 01.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 8 од Законот за Управување со кризи („Службен весник на РМ" бр.29/2005, 36/2011, 41/14, 104/15, 29/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр 215/21), член 11 став 4 од Законот за заштита и спасување(„Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр.215/21), член 22 став 1 точка 10, член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), , член 15 став 1 точка 10, член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово а врз основа на Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето („Службен весник на РМ" бр. 76/06), Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница одржана на ден 31.05.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Процена на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во административните простории на Општина Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука се усвојува Процената на загрозеност од природни непогоди, епидемии и други несреќи во административните простории на Општина Валандово која е дадена во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" а истата ќе биде објавена и на веб страната на Општина Валандово.

| | |
|---|---|
| Бр.08-50/10 | Совет на Општина Валандово |
| 31.05.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во административните простории на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во административните простории на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/11 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 8 од Законот за Управување со кризи („Службен весник на РМ" бр.29/2005, 36/2011, 41/14, 104/15, 29/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр 215/21) член 13 став 2 од Законот за заштита и спасување(„Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр.215/21) член 22 став 1 точка 10, член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), , член 15 став 1 точка 10, член 21 став 1 точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово а врз основа на Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето („Службен весник на РМ" бр. 76/06), Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница одржана на ден 31.05.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во административните простории на Општина Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука се усвојува Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во административните простории на Општина Валандово кој е даден во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" а истата ќе биде објавена и на веб страната на Општина Валандово.

Бр.08-50/11 Совет на Општина Валандово
31.05.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за извршување на техничка исправка на генерален урбанистички план на град Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за извршување на техничка исправка на генерален урбанистички план на град Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/13 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" 32/20), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законотза локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" 5/2002, член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница донесе:

**О Д Л У К А**
**за извршување на техничка исправка на генерален урбанистички план на град Валандово**

**Член 1**

Се врши техничка исправка на Генерален урбанистички план за град Валандово донесен со Одлука на Совет на Општина Валандово број 08-32/2 од 30.03.2022 година со технички број 0801-11-02/23 од февруари 2023 година изработена од ДПТУ Иванов Инженеринг ДОО Битола.

**Член 2**

Техничката исправка е составен дел на урбанистичкиот план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за кој што важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Валандово.

Бр.08-50/13 Совет на Општина Валандово
31.05.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од

Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населеното место Удово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населеното место Удово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-603/5 | Градоначалник |
| 01.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населено место Удово**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на надоместок за приклучување на корисник во канализациониот систем за одведување на урбани отпадни води во населено место Удово, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово под бр.02-478/4 од 25.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-50/5 | Совет на Општина Валандово |
| 31.05.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за населено место Удово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за населено место Удово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-603/6 | Градоначалник |
| 01.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за населено место Удово**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис" Валандово за населено место Удово, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово под бр.02-478/3 од 25.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-50/6 | Совет на Општина Валандово |
| 31.05.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за населено место Удово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис” Валандово за населено место Удово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/7 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996, 9/1997, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за населено место Удово**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за населено место Удово, донесена од Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово под бр.02-478/2 од 25.05.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-50/7 Совет на Општина Валандово
31.05.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/14 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората редовна седница одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2024 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2024 година, бр.0102-204/2 од 27.04.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-50/14 Совет на Општина Валандово
31.05.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на годишниот план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

Бр.09-603/15 Градоначалник
01.06.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората

редовна седница одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2024 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2024 година, бр.0102-124/1 од 15.05.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-50/15 | Совет на Општина Валандово |
| 31.05.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на годишниот план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на годишниот план за вработување на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-603/16 | Градоначалник |
| 01.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и втората редовна седница одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Средното општинско училиште „Гоце Делчев “Валандово за 2024 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Средното општинско училиште „Гоце Делчев “Валандово за 2024 година, бр.0102-193/1 од 18.05.2023 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-50/16 | Совет на Општина Валандово |
| 31.05.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-603/12 | Градоначалник |
| 01.06.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Согласно член 40 став 1 во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр. 32/20”), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002”), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово а врз основа на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година („Сл.гласник на Општина Валандово бр.12/22, 3/23 и 4/23), Советот на Општина Валандово на дваесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.05.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, по точка Г се додава нова подточка Г4 , која гласи:

„Г4: Се започнува постапка за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација со кој се спроведуваат урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 2, 3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20), во чиишто плански опфати се појавува потреба од две или повеќе соседни градежни парцели од ист сопственик да се формира една градежна парцела или каде што од една поголема градежна или катастарска парцела во плански опфат каде што градежни парцели не се формирани, треба да

сеформираат две или повеќе градежни парцели, но само доколку ново формираните градежни парцели се формирани согласно прописот за урбанистичко планирање од членот 24 од горенаведениот закон , на КП 15364/1 и КП 15364/2, КП 15364/3, КП 15364/4 и КП 15365 КО Пирава, Општина Валандово поднесена од АНГОР ПРОМЕТ ВБ ДООЕЛ с.Пирава и АНТОНИОН ТОДОРОВИ ДООЕЛ с.Пирава

Финансирањето на изработката на урбанистичкиот проект со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителите на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект“.

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово”.

| | |
|---|---|
| Бр.08-50/12 | Совет на Општина Валандово |
| 31.05.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |